Врз основа на член 27-б став 6 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 октомври 2022 година, донесе

# РЕШЕНИЕ
## за утврдување на категорија на угостителски објект

1. Со оваа решение се утврдува дека угостителскиот објект Хотел Тасино Чешмиче со седиште на ул.Белградска бр.28 Скопје, ги исполнува условите за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди, со период на важност од три години, сметано од денот на влегувањето во сила на ова решение.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Ова решение заедно со Извештајот за извршена категоризација на угостителскиот објект за сместување се објавуваат на веб-страницата на Владата на Република Северна Македонија.

**Образложение**

ТДУТТ Тасино Чешмиче БРАНКО ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.Белградска бр.28 Скопје, поднесе Барање бр. УПI13-408 од 22.7.2022 година, за утврдување на потребните услови на угостителскиот објект Хотел Тасино Чешмиче, за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди.

Комисијата за категоризација на угостителските објекти, постапувајќи по Барањето изврши увид на предметниот објект при што со Ивештај бр.УПI 13-408 од 15.9.2022 година, констатира дека истиот ги исполнува условите за хотел од четврта категорија со две звезди, пропишани со Правилникот за услови за категоризација на обејктите за сместување за вршење на угостителска дејност („Службен весник на Република Македеонија“ бр.41/13).

Врз основа на член 27-б од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20), Владата на Република Северна Македонија на предлог на Комисијата за категоризација на угостителските објекти за сместување донесува решение за утврдување на категорија на усготителските објекти за сместување.

Согласно член 27-б од Законот за угостителскта дејност, решението за утврдување на категорија на угостителскиот објкект за сместување се издава со важност од три години од денот на издавањето

ПРАВНА ПОУКА:Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението.

Бр. 41-8886/6
18 октомври 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република Северна
Македонија

dr. Artan Grubi

Подготвил: Тања Поповска, самостоен референт
Проверил: Никола Пасков, раководител на одделение
Контролирал: Љубица Р. Димовска, државен советник
Снежана М. Пендовски, државен советник
Согласен: Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата